ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:18-338/6**

**Дата:** 04.04.2012

ДО

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА „МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ“ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ - Скопје (во понатамошниот текст: МЖ Инфраструктура), за 2010 година.

Во претходниот период е извршена ревизија на финансиските извештаи и на наменското и законското користење на средствата на МЖ Инфраструктура за 2007 година, при што е изразено негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за наменското и законското користење на средствата во финансиските трансакции е изразено мислење со резерва.

Со ревизијата за 2010 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е констатиран напредок во имплементацијата на препораките.

Врз основа на резултатите од ревизијата за 2010 година, ние изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со релевантната регулатива .

За тековната година утврдивме недоследности во поглед на:

- Постапката за вработување спроведена во 2010 година;
- Постапката на давање под закуп на недвижни ствари, кои МЖ Инфраструктура престанало да ги користи времено или трајно, како и начинот на утврдување на висината на закупнината на недвижните ствари;
- Начинот на наплатување на надоместокот за користење на железничката инфраструктура од превозникот, А.Д. МЖ „Транспорт“ за 2010 година. МЖ Инфраструктура во 2010 година, покрај минималниот пакет на услуги, на превозникот му овозможило и користење на други помошни и дополнителни услуги за кои не наплатувало надоместок, што има влијание на остварените приходи за 2010 година;
- Начинот на прикажување на ефектот од проценката на капиталот на МЖ Инфраструктура со состојба 31.12.2009 година. Наместо на споредливите извештаи за годината која завршува со 31.12.2009 година, ефектот е прикажан со состојба 01.01.2010 година;
- Точноста на пресметаната амортизација за тековната 2010 година. Со оглед дека со проценката на капиталот на МЖ Инфраструктура со состојба на 31.12.2009 година е извршено ревидирање на векот на употреба на средствата, претпријатието не применило метод на депрецијација, кој ќе го одрази очекуваниот начин на трошење на идните економски користи од истите;
- Објективното и реално прикажување на Материјалните средства во подготовка за изградба на Коридорот VIII, поради неизвршено проценување на физичкото оштетување настанато поради седумгодишен прекин на работите на изградба на пругата;
- Сметководствено неприкажување на побарувања од Министерството за транспорт и врски, кои произлегуваат од оперативната реализација на Годишниот план за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура и Годишниот план за изработка на проектна документација за Коридор VIII, двата за 2010 година;
- Спроведувањето на пописот на побарувањата за 2010 година, како и ненавремено преземени мерки во минатото од страна на одговорните лица на претпријатието за наплата на побарувањата, што резултирало во отпис на побарувања поради апсолутно застарување;
- Несоодветно проценување на потребите за набавка за 2010 година според расположливите извори на финансирање, како и несоодветно групирање на предметите на набавка по сродни видови на стоки, услуги и работи, поради што МЖ Инфраструктура предвидело несоодветни постапки за доделување на договори за јавна набавка, што во фазата на реализација на планот, влијаело на делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори од пониска вредност.

Обрнуваме внимание на следните прашања на неизвесност и континуитет:

- МЖ Инфраструктура се јавува во својство на тужена страна во 11 судски постапки, врз основа на кои се побарува вкупен износ од 76.742 илјади денари, и во својство на тужител во 288 постапки, со вкупна вредност на тужбените барања од 58.504 илјади денари;
- МЖ Инфраструктура извршило вредносно усогласување на Материјалните средства во подготовка за дадени аванси во износ од 554.624 илјади денари, исплатени на пет градежни фирми во периодот од 1994 до 2004 година за изградба на Коридорот VIII, делот кон Р. Бугарија, врз основа на Заклучок на Владата на РМ за спогодбено судско раскинување на склучените договори со градежните фирми, а поради интересот на Владата за продолжување на изградбата на делот на железничкиот Коридор VIII. Со судските спогодби, договорните страни треба да изјават дека, врз основа на пријавените побарувања (во текот на преговорите), ги раскинуваат договорите и анексите кон договорите и дека истите немаат никакви меѓусебни побарувања;
- Од април 2011 година, на МЖ Инфраструктура му доспеале за плаќање нови обврски по кредити, кои истото не е во можност да ги сервисира кон кредиторите. Ревизијата нагласува дека веќе обврските кон Буџетот на РМ по основ на заеми и кредити, кои се превземени и платени од Буџетот во име на претпријатието, изнесуваат 92.197 илјади денари;
- Управата за јавни приходи може да го укине условното Решение, со кое се признава плаќање на рати на даночен долг по основ на данок на додадена вредност и персонален данок на доход во вкупен износ од 105.288 илјади денари, и право на отпис на камата во износ од 523.175 илјади денари, поради тоа што МЖ Инфраструктура во грејс периодот не ги сервисира новонастанатите даночни обврски по донесување на Решението, и
- МЖ Инфраструктура не е осигурено во осигурително друштво, поради што евентуални штети кои би настанале по одговорноста во вршењето на неговата дејност, можат да предизвикаат влијанија врз финансиските извештаи.

Од страна на законскиот застапник на субјектот добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на констатираните состојби освен дополнителните известувања за превземени мерки во точка 6.3. и 6.6. кои ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 27 до 30 заедно со ревизија на усогласеност на МЖ Инфраструктура кои се состојат од Биланс на состојба на 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на капиталот и резервите за 2010 година, Извештај за паричниот тек, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за периодот 08.08.2007-31.12.2007 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата на МЖ Инфраструктура. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Бесир Деари - директор од 17.12.2008 година до 04.09.2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во

согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ), кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, кои ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процената на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата, исто така, вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.09.2011 до 31.12.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2007 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој извештај.
Статусот на постапување по препораките од ревизијата е даден во следната табела:

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2007 година** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во %** |
| Спроведени | 8 | 53% |
| Делумно спроведени | 5 | 33% |
| Во тек | 2 | 14% |
| Неспроведени | / | / |
| **Вкупно** | **15** | **100%** |

Од вкупно 15 препораки дадени во Конечниот извештај за 2007 година, од страна на МЖ Инфраструктура се спроведени 8 препораки, 5 препораки се делумно спроведени и спроведувањето на две препорака е се уште во тек.
Наведеното укажува дека од страна на претпријатието е постигнат напредок во имплементацијата на препораките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 10.01.2012 година.
Законскиот застапник на МЖ Инфраструктура достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година. Забелешките се разгледани од овластениот државен ревизор и е констатирано дека истите претставуваат известување за превземени мерки за надминување на

констатираните состојби во наредниот период или известување за причините за утврдената состојба. Оценето дека истите не содржат елементи за промена на констатираните состојби освен дополнителните известувања за превземени мерки во точка 6.3. и 6.6. кои ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно член 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, единица за внатрешна ревизија задолжително се основа во сите субјекти од јавниот сектор, чиј просечен годишен финансиски план во последните три години надминува износ од 50.000 илјади денари. Поради наведеното, МЖ Инфраструктура во 2010 година има извршено изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места заради организирање на Одделение за внатрешна ревизија. Со цел пополнување на систематизираните места во одделението, претпријатието поднело барање до Министерството за финансии за добивање на согласност за обезбедени средства за вработување, но добило негативно мислење поради времената забрана за нови вработувања во 2010 година.

Невоспоставувањето на внатрешна ревизија може да влијае на соодветноста и ефективноста на системите за внатрешна контрола во поглед на обезбедување: усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти и договори, веродостојност и сеопфатност на финансиските и оперативните информации, безбедност на имотот и информациите, извршување на задачите, остварување на целите и давање на препораки за подобрување на работењето и работните процедури.

**Препорака**
Раководителот на субјектот да продолжи со напорите за пополнување на Одделението за внатрешна ревизија, со цел проценување на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола.

4.1.2. Претпријатие во текот на 2010 година имало 68 привремено вработени лица, за кои пресметало и исплатило средства во вкупен износ од 22.659 илјади денари.

Врз основа на неколку поднесени барања до Министерството за финансии за добивање согласност за трансформирање на работниот однос на 68-те привремено вработени во работен однос на неопределено време, во декември 2010 година од Министерството за финансии е добиена согласност за обезбедени финансиски средства за вработување. По добивањето на согласноста, одговорното лице на јавното претпријатие објавило јавен оглас за вработување на 68 работници на неопределено време согласно Законот за работни односи, извршило избор и склучило договори за вработување со 67 вработени, претходно ангажирани како привремено вработени. При увидот во начинот на спроведување на постапката за вработување, ревизијата го констатира следново:

- не е именувана Комисија за селекција од страна на органот за раководење, која требала да изврши проверување на стручните и други работни способности на кандидатите по писмен, устен пат или со извршување на конкретна задача поврзана со вршење на работите за работното место за кое се врши избор, што не е во согласност со член 12 и 13 од Колективниот договор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје;
- органот за раководење донел Одлуки за избор на 67 кандидати врз основа на не соодветен документ дека лицата ги исполнуваат условите од конкурсот, и
- посебните услови наведени во јавниот оглас, работно искуство и стручна подготовка, кои кандидатите требало да ги исполнуваат не се усогласени со барањата на систематизацијата на работните места во јавното претпријатие.

Неспроведувањето на соодветна постапка за вработување отвора можност за субјективен пристап при селекција на кандидатите во постапката на избор.

**Препорака**

Органот за раководење при спроведување на постапки за вработување да го почитува Законот за јавни службеници („Службен весник на РМ“ бр.52/2010 и 36/2011), кој предвидува вработување на јавни службеници[1] преку транспарентна постапка врз основа на критериумите на стручност и компетентност.

4.1.3. МЖ Инфраструктура за 2010 година има искажано загуба од редовно работење по оданочување во износ од 536.063 илјади денари. За

[1] Јавни службеници се и вработените кои вршат работи од јавен интерес во јавните претпријатија основани од Република Македонија.

искажаната загуба, Управниот одбор на претпријатието нема донесено одлука за покривање на истата, што не е во согласност со член 19 од Законот за јавните претпријатија. Истото влијае на веродостојноста и сеопфатноста на финансиските информации за МЖ Инфраструктура. Имено, согласно член 484 од Законот за трговските друштва, покривањето на загубата може да се изврши од акумулираната добивка, на товар на задолжителната општа резерва, на товар на посебните резерви за покривање на загуби, премии или на товар на основната главнина, со нејзино намалување.

**Препорака**

Со оглед дека МЖ Инфраструктура нема формирано општа резерва, бидејќи во континуитет работи со загуба, Управниот одбор да обезбеди покривање на загубата на товар на основната главнина, со нејзино намалување.

## 4.2 Финансиски извештаи

### Биланс на успех

4.2.1. МЖ Инфраструктура во текот на 2010 година пресметало приходи во износ од 43.054 илјади денари од издавање во закуп на недвижни ствари, деловен простор-канцелариски, продажен, магацински и др., земјиштен отворен простор и простор под времен објект, кои претпријатието во изминатиот период престанало да ги користи времено или трајно.

Ревизијата со увид во постапката за начинот на давање на стварите под закуп го констатира следното:

- со оглед дека на претпријатието му престанала потребата за користење на недвижните ствари во сопственост на РМ, истото не го известило Министерството за финансии - Управата за имотно-правни работи, што не е во согласност со член 24 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи;
- давањето на недвижните ствари во закуп не е извршено во транспарентна постапка со јавен оглас. Имено, само 18 договори од вкупно 154 се склучени во постапка со јавно наддавање;
- висината на закупнината на недвижните ствари е утврдена со повеќе Одлуки за утврдување на почетната цена на закупнините на недвижни ствари, донесени од страна на Управниот одбор на претпријатието, врз основа на Правилникот за користење и располагање со стварите на ЈП за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје;

- на одлуките за утврдување на почетната цена на закупнините нема согласност од основачот, што не е во согласност со член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија, според кој основачот дава согласност на Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците;
- одлуките за утврдување на почетната цена на закупнините на недвижни ствари не се во согласност со Методологијата за проценка на деловниот простор во сопственост на Република Македонија [2] на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Ваквиот начин на утврдување на висината на закупнините и непосредното давање на недвижните ствари во закуп можат да влијаат на реалното остварување на приходите од закуп.

**Препорака**

МЖ Инфраструктура да изврши усогласување на висината на почетните цени согласно Методологијата, во зависност од градежната вредност, амортизацијата, надоместокот за уредување на градежното земјиште и местоположбата (макро и микро-локациски услови).

Од причина што претпријатието има само право на управување и користење на стварите, доколку му престане потребата за користење на истите, должно е да го извести Министерството за финансии - Управата за имотно - правни работи.

4.2.2. Согласно Законот за железничкиот систем, МЖ Инфраструктура доделува инфраструктурни капацитети, како и одредува и наплаќа надоместок за користење на железничката инфраструктура од превозникот, АД „МЖ Транспорт“ – Скопје, кој ја користи инфраструктурата.

На превозникот за користење на железничката инфраструктура, МЖ Инфраструктура му овозможува:

---

2 Согласно член 5 став 1 ал. 3 од Законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на РМ, дејност на Јавното претпријатие за стопанисување со стамбениот и деловниот простор на РМ се работите кои се однесуваат на стопанисувањето со просторот на РМ, особено утврдувањето на висината на закупот. Врз основа на истиот е донесена Методологија која обезбедува пристап за проценка на вредноста на деловниот простор сопственост на РМ, а заради определување на висината на закупнината на деловните простории. Согласно Методологијата вредноста на деловниот простор , како дел од градежна целина, се утврдува во пресметковни бодови врз основа на градежната вредност, амортизацијата, надоместокот за уредување на градежното земјиште и местоположбата (макролокациски и микролокациски услови).

- минимален пакет на услуги;
- пристап по пруга до услужни објекти и користење на услужните објекти;
- дополнителни услуги и
- помошни услуги.

Во 2010 година, согласно договорот склучен со превозникот, МЖ Инфраструктура наплатувало само минимален пакет на услуги[3] и користење на услужни објекти (ранжирна станица за товарни возови и колосеци за гарирање на вагони).

Ревизијата смета дека претпријатието во 2010 година остварило помалку приходи од надоместокот за пристап и користење на железничката инфраструктура. Имено, истото му обезбедило на превозникот, покрај минимален пакет на услуги, и користење на услужни објекти и користење на:

- опрема за обезбедување на енергија на влеча на возови;
- службени места, нивни згради и објекти во патничкиот сообраќај;
- мултимодални станици за товарен сообраќај;
- објекти за формирање на возови;
- постројки за намирување со вода;
- вагонска вага;
- рампи за утовар, истовар и претовар на стока;
- рампи за товарење и истовар на придружувани автомобили;
- колосеци за дезинфекција и дератизација, и
- намирување со вода на патнички вагони и локомотиви.

МЖ Инфраструктура не утврдило надоместок за наведените услуги и не го наплатувало користењето на истите, што има влијание на остварените приходи за 2010 година.

Ревизијата не дава препорака по наведената состојба, бидејќи со Објавата на мрежа за 2011 година, МЖ Инфраструктура предвидело надоместок за горенаведените услуги и во 2011 година ги наплаќа од превозникот.

4.2.3. Со проценката на капиталот на МЖ Инфраструктура со состојба на 31.12.2009 година е извршено ревидирање на векот на употреба на недвижностите, постројките и опремата, и определување на преостанатата вредност на употреба на средствата, што налага примена на нови стапки на амортизација. Наместо да примени нов метод за системска распределба, претпријатието продолжило да ја

[3] Минималниот пакет на услуги зависи од километрите, составот на возот и други фактори како што се брзината, осното оптоварување и степенот на користење на инфраструктурата или времето на користење на истата.

врши пресметката на амортизацијата со применување на годишните стапки пропишани со Уредбата за начинот на пресметување на амортизација, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, што влијае врз точноста на пресметаната амортизација за тековната 2010 година и искажаните расходи во билансот на успех. Наведеното не е во согласност со Правилникот за водење на сметководство, Меѓународниот сметководствен стандард 16 - Недвижности, постројки и опрема, согласно кој користениот метод на депрецијација треба да го одрази начинот на кој се очекува да бидат потрошени идните економски користи од средството од страна на претпријатието.

**Препорака**
МЖ Инфраструктура да го ревидира применетиот метод на депрецијација на средствата најмалку на крајот на секоја финансиска година и доколку постои значајна промена во очекуваниот начин на трошење на идните економски користи од средствата, истиот да го одрази изменетиот начин на трошење.

**Биланс на состојба**

4.2.4. На барање на МЖ Инфраструктура, во 2010 година е извршена проценка на вредноста на капиталот со состојба на 31.12.2009 година, од страна на независни проценители, за целите на финансиско известување во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), а со цел одредување на објективната вредност на средствата, обврските и капиталот на претпријатието. Со проценката е извршено намалување на вредноста на активата и пасивата во вкупен износ од 5.430.284 илјади денари (прикажано во Прилог број 2 кон овој извештај).

Со оглед дека проценката на капиталот се однесува за финансиската 2009 година, наместо претпријатието да го прикаже ефектот од истата во финансиските извештаи за 2009 година, го прикажало со состојба 1.01.2010 година. Наведеното не е во согласност со Меѓународниот сметководствен стандард 1 - Презентирање на финансиски извештаи, според кој, ваквите усогласувања треба да се извршат на споредливите финансиски извештаи за годината што завршува со 31.12.2009 година.

**Препорака**

МЖ Инфраструктура сите промени кои влијаат и имаат ефект на финансиските извештаи да ги прикажува со годината во која настануваат, со цел обезбедување споредливост со финансиските извештаи од претходните периоди.

4.2.5. На позицијата Материјални средства во подготовка со состојба 31.12.2010 година искажани се вложувања во износ од 4.675.748 илјади денари, направени во периодот од 1994 до 2004 година, за изградба на Коридорот VIII, делот кон Р. Бугарија на првите две делници, Куманово-Бељаковце и Бељаковце-Крива Паланка. Поради прекин на буџетското финансирање во 2004 година, градежните активности се запрени.

Ревизијата изразува неуверување во објективното и реалното прикажување на позицијата поради следното:

- Прекинот на работите на изградба на пругата предизвикало обезвреднување на вредноста на нематеријалните и материјалните средства, односно физичко оштетување, кое не е проценето од страна на МЖ Инфраструктура. Наведеното не е во согласност со барањата на Меѓународниот сметководствен стандард 36 – Обезвреднување на средства, согласно кој на крајот на секој период на известување, претпријатието треба да оцени дали постои индикација дека средството можеби е обезвреднето и доколку таква постои да го измери надоместливиот износ на средството.

Имено, согласно овој стандард, материјалните средства се евидентираат во износ, кој не може да биде поголем од нивната надоместлива вредност, односно сметководствената вредност на средството не може да го надмине износот, кој би се надоместил преку користење или продажба на средството.

**Препорака**

Со оглед дека МЖ Инфраструктура располага со докази за физичко оштетување на Материјалните средства во подготовка за изградба на Коридорот VIII, истото треба да ја процени и обелодени нивната објективна вредност, со цел нивно реално и објективно прикажување.

4.2.6. Во 2010 година преку МЖ Инфраструктура се реализирале:

- Годишен план за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура, и
- Годишен план за изработка на проектна документација за Коридорот VIII.

Плановите ги носи Министерството за транспорт и врски, а за нивна

реализација во 2010 година се планирани средства во вкупен износ од 213.000 илјади денари, од кои:

- 175.000 илјади денари за машинска регулација на пруги и свртници, инвестиционо одржување на горен строј, набавка на колосечни и свртнички прагови, колосечен прибор, толчаник, изолирани состави и за осигурување на патни премини; и
- 38.000 илјади денари за довршување на идеен проект за делница од Кичево до граница со Р. Албанија, довршување на проект од Крива Паланка до Деве Баир, граница со Р. Бугарија и консултантски услуги за ревизија на проекти.

Оперативната реализација на претпријатието во однос на двата плана во 2010 година изнесува 211.982 илјади денари, додека од страна на министерството во 2010 година се исплатени 153.432 илјади денари. Пренесените обврски по двата плана на министерството во 2011 година изнесуваат вкупно 58.550 илјади денари. Истите МЖ Инфраструктура не ги евидентирало сметководствено, што влијае на реалното прикажување на побарувањата од државата во билансот на состојба.

Исто така, со оглед дека физичката реализација на МЖ Инфраструктура по двата плана за 2010 година изнесува 99,5%, а финансиската реализација само 72%, нецелосните трансфери од министерството влијаат врз ликвидноста на претпријатието. Истото се соочува со плаќање на затезни камати поради ненавремена исплата на обврските спрема добавувачите за реализација на плановите.

**Препорака**

МЖ Инфраструктура за пренесените обврски по плановите да прикаже побарување од државата.

4.2.7. Со состојба 31.12.2010 година, МЖ Инфраструктура има прикажано побарувања во вкупен износ од 617.427 илјади денари на позициите Аванси за нематеријални и материјални вложувања и Долгорочни финансиски вложувања. Притоа, претпријатието со пописот не ги опфатило наведените побарувања, што не е во согласност со Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. При пописот за наведените побарувања не е утврдена правната основа за постоење на истите, старосната структура и дали и какви мерки се преземени од страна на одговорните лица за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години. Наведените недоследности при вршењето на пописот на побарувањата во подолг период во минатото довеле до ненавремена наплата на побарувањата, поради што со проценката на капиталот, со состојба 31.12.2009 година, спроведен е

отпис на побарувања во износ од 32.392 илјади денари. Дел од отпишаните побарувања биле од фирми, кои веќе биле прогласени во постапка на ликвидација или стечај, а дел - побарувања кои биле апсолутно застарени, односно постари од 10 години.

Ненавремено преземените мерки во минатото од страна на одговорните лица на МЖ Инфраструктура за наплата на побарувања имало за ефект намалување на капиталот на претпријатието. Наведеното е и причина за вредносно усогласување на побарувања за дадени Аванси за материјални вложувања во износ од 554.624 илјади денари извршено со проценката на капиталот со состојба 31.12.2009 година ( обелоденување точка 6.3.).

Исто така, Комисијата за попис на градежни објекти не констатирала разлики помеѓу површините на објектите со кои располага и управува МЖ Инфраструктура, прикажани во имотните листови во м2, со површините од материјалната евиденција. Неусогласувањето може да влијае на реалното и објективно прикажување на позицијата Нематеријални и материјални средства.

**Препорака**

Со вршењето на пописот, органот на управување да обезбеди:

- утврдување на правната основа за постоење на побарувањата;
- потврда дека состојбата на ненаплатените побарувања е уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирана во сметководствената евиденција,;
- преземање мерки од одговорните лица за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години;
- усогласување на површините во поседовните листови со површините од материјалната евиденција.

## 4.3 Користење на средства согласно законски прописи

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на МЖ Инфраструктура за 2010 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Притоа утврдивме недоследности во следните случаи:

4.3.1. Претпријатието донело План за јавни набавки за 2010 година со кој предвидело спроведување на 204 постапки за јавна набавка на стоки, услуги и работи. Основниот план во текот на 2010 година со 34 измени и дополнувања е проширен на 232 постапки, со вкупна проценета

вредност на договорите за јавна набавка без вклучен ДДВ од 358.300 илјади денари.

Од вкупно 232 постапки за јавна набавка, 38 се отворени постапки, 100 постапки се со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и 94 постапки се со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас.

Во текот на 2010 година од планираните 232 постапки за јавна набавка, МЖ Инфраструктура спровело само 90 постапки за јавна набавка, со вкупна вредност на склучените договори од 132.299 илјади денари, што претставува 37% реализација во однос на проценетата вредност на Планот. Нискиот процент на реализација на Планот укажува дека претпријатието не извршило соодветна проценка на потребите за набавка за тековната година според расположливите извори на финансирање.

Ревизијата, исто така, утврди дека претпријатието во фазата на изготвувањето на планот не извршило соодветно групирање на предметите на набавка по сродни видови на стоки, услуги и работи, поради што предвидело несоодветни постапки за доделување на договори за јавна набавка, кое пак, во фазата на реализација на планот влијаело на делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори од пониска вредност (наод 4.3.2.).

4.3.2. Во текот на 2010 година во 11 постапки за доделување на договори за јавна набавка на стоки и услуги во вкупен износ од 5.217 илјади денари, јавното претпријатие не извршило соодветен избор на постапки во зависност од проценетата вредност на договорите за јавна набавка без вклучен ДДВ. При тоа, ревизијата го констатира следново:

- Извршена е набавка на услуга за сервисирање и одржување на моторни возила и набавка на стоки - резервни делови за товарни возила (ТАМ и Застава) и авто делови за патнички возила, со спроведување на три постапки за јавна набавка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, секоја со проценета вредност од 1.200 илјади денари, избегнувајќи отворена постапка;
- Извршени се набавки на резервни делови за тешки моторни дризини преку спроведување на три постапки за јавна набавка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, секоја со проценета вредност од 310 илјади денари, со што е избегната постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас или отворена постапка;
- Извршена е набавка на рачен алат преку спроведување на пет постапки за јавна набавка со барање за прибирање на понуди без

објавување на оглас, секоја постапка со проценета вредност од 310 илјади денари, избегнувајќи постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас или отворена постапка.

Со несоодветниот избор на постапка за јавна набавка е извршено делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори на пониска вредност, што не е во согласност со член 27 од Законот за јавни набавки. Истото може да влијае на транспарентноста во процесот на доделувањето на договорите за јавна набавка, како и на рационалното и ефикасното искористување на средствата во постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

4.3.3. Во врска со реализацијата на Годишниот план за изработка на проектна документација за Коридорот VIII, МЖ Инфраструктура во 2008 година (во отворена постапка) склучило рамковен договор за консултантски услуги со предмет на договор: изработка на техничка документација, ревизија на проекти и консултански услуги.

Согласно Одлуката за јавна набавка на услуга, проценетата вкупна вредност на набавката изнесува 16.000 илјади денари, а договорот е склучен врз основа на понудата на единствениот понудувач на износ од 114 илјади денари (без пресметан ДДВ). Договорот не ја изразува вкупната вредност на предметот на јавната набавка, туку претставува единечна цена на консултантски услуги. Имено, понудувачот доставил финансиска понуда за консултантски услуги поврзани со ревизија и преглед на техничка документација од човек/ден и единечна цена за лабораториски геотехнички, хидраулички испитувања, испитувања на бетон и челик од опит.

Образецот на понудата во прилог на тендерската документација не е во согласност со член 134 од Законот за јавните набавки, според кој цената на понудата се изразува за вкупниот предмет на договорот за јавна набавка, а не за единечна цена.

Наведеното упатува дека договорниот орган не го предвидел потребниот вкупен обем на работи за извршување на услугата, што е причина за повеќекратно проширување на вредноста на договорот за 6.204 илјади денари преку склучување на 5 (пет) анекси.

**Препорака**

При спроведувањето на постапките за јавни набавки, со цел остварување на конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавна набавка, како и рационално и

ефикасно искористување на средствата, органите на управување и раководење на претпријатието:

- Врз основа на утврдените извори на финансирање да ги проценуваат вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, на начин избегнувајќи делење на договорите за јавна набавка;
- Образецот на понуда прилог на тендерската документација да го изготвуваат на начин, цената на понудата да го изразува вкупниот предмет на договорот за јавна набавка.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектот од наодите изнесени во точката 4.2. , а кои се однесуваат на: постапката на давање под закуп на недвижни ствари; начинот на наплатување на надоместокот за користење на железничката инфраструктура од превозникот; неправилно прикажување на ефектот од проценката на капиталот на МЖ Инфраструктура со состојба 31.12.2009 година; неизвршена нова системска распределба за амортизација поради ревидирање на векот на употреба на недвижностите, постројките и опремата со проценката; неевидентирани побарувања од државата, како и недоследности во спроведувањето на пописот на побарувањата, ревизијата изразува мислење со резерва за финансиските извештаи на претпријатието на ден 31 декември 2010 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

**Договори за закуп**

6.1. МЖ Инфраструктура склучило договор во март 2002 година со трговско друштво, со предмет издавање под закуп на хотелот „Железници"- Охрид и тоа:

- хотелски објект од два ката со 48 соби, од кои 43 трикреветни соби, 5 апартмани или вкупно 150 легла,
- ресторан на хотелот со тераса со капацитет од 250 седишта, и
- конференциска сала со 50 седишта.

Договорот е склучен за времетраење од 6 години почнувајќи од април 2002 година заклучно со 31.03.2008 година, со можност за продолжување во зависност од интересот на договорните страни. Во октомври 2005 година е склучен анекс со времетраење од 15 години, почнувајќи од ноември 2005 заклучно до 31.10.2020 година, со повторно право за продолжување.

Согласно договорот и анексот, цената на закупот изнесува 331.485 ЕУР, од кои закупецот се обврзува 267.057 ЕУР да ги вложи во реновирање, ентериерно уредување на објектот и во основни средства, а остатокот од 64.426 ЕУР да го плаќа во еднакви рати, најдоцна до 30.04 секоја година до истекот на договорот, што е еквивалентно на годишен закуп од 3.390 ЕУР или месечен закуп од 282 ЕУР.

Закупопримачот редовно ги исполнува обврските од договорот. МЖ Инфраструктура го склучило договорот за закуп непосредно, без претходно да ја извести Владата на РМ, со оглед дека претпријатието има само право на користење, управување и располагање над недвижната ствар, а правото на сопственост припаѓа на Република Македонија.

**Судски постапки**

6.2. Обрнуваме внимание дека претпријатието се јавува во својство на тужена страна во 11 судски постапки, врз основа на кои се побарува вкупен износ од 76.742 илјади денари, по основ на фактури и надомест на штета.

Од вкупно 11 постапки, две судски постапки од кои се побарува вкупен износ од 1.207 илјади денари се завршени. Останатите 9 со вкупен износ на тужбени побарувања од 75.535 илјади денари сѐ уште се во тек.

Истовремено, во својство на тужител МЖ Инфраструктура се јавува во вкупно 288 постапки, по основ на склучени договори за закуп, со вкупна вредност на тужбените барања од 58.504 илјади денари. Од нив, 195 постапки во кои се побарува износ од 27.716 илјади денари се завршени и се предадени за извршување. Останатите 93 постапки со вкупен износ на тужбените побарувања од 30.788 илјади денари сѐ уште се во тек.

Поради тоа што станува збор за активни постапки што се водат пред надлежните судови, до завршувањето на ревизијата конечниот исход од истите не е познат.

**Договори и аванси за изградба на Коридор VIII**

6.3. Во периодот од 1994 до 2004 година, со средства од Буџетот на РМ се започнати активности - изработка на инвестиционо-техничка документација и изведба на градежни работи за изградба на Коридор VIII, делот кон Република Бугарија на првите две делници, Куманово-Бељаковце и Бељаковце-Крива Паланка. За таа цел се склучени Договори и Анекси кон договорите со пет градежни фирми - ДГ „Бетон“ АД Скопје, АДГ „Маврово“ Скопје, ГД „Гранит“ АД Скопје, АДГ „Пелагонија“ Скопје и „Ремонт на пруги“ АД Скопје. Поради прекин на буџетското финансирање во 2004 година, градежните активности се стопирани, а постојните Договори и Анекси кон договорите склучени со петте градежни фирми не се реализирани, ниту пак, раскинати.

По основ на склучените Договори се исплатени парични аванси во износ од 554.624 илјади денари, за кои не се добиени услуги и истите претставуваат состојба на позицијата Аванси за материјални средства на ден 31.12.2009 година. Со Проценката на капиталот со состојба на 31.12.2009 година, извршено е вредносно усогласување на материјалните средства за дадените аванси. Основа за усогласувањето претставува Извадокот од Конечен – записникот од 66-та седница на Владата на РМ, одржана во декември 2009 година, со

заклучоци произлезени од преговорите помеѓу Владата на РМ и „МЖ Инфраструктура“, од една страна, и петте градежни фирми, од друга страна. Целта е судско раскинување на склучените договори поради интересот на Владата на РМ за продолжување на изградбата на делот од железничкиот Коридор VIII. Побарувањата[4] на двете страни во постапката на преговарање, а кои произлегуваат од склучените договори се дадени во следниот преглед:

000 денари

| | Име на градежна фирма | Побарувања на ЈП МЖ инфраструктура по основ на дадени аванси согласно склучените договори | Побарување на ЈП МЖ инфраструктура по основ на дадени градежни материјали на градежните фирми | Побарувања на ЈП МЖ инфраструктура од покренати судски постапки спрема градежните фирми | Побарувања на градежните фирми од покренати судски постапки према ЈП МЖ инфраструктура | Побарувања на градежните фирми по основ на надомест за претрпена штета поради прекин на работите ( доставени во постапка на порамнување) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ДГ Бетон АД Скопје | 105.663 | 10.044 | 0 | 55.514 | 146.643 |
| 2. | АДГ Маврово Скопје | 64.378 | 1.998 | 0 | 248.724 | 466.480 |
| 3. | ГД Гранит АД Скопје | 72.884 | 6.870 | 17.251 | 129.265 | 99.026 |
| 4. | АДГ Пелаго-нија | 311.700 | 1.816 | 34.334 | 68.374 | 519.407 |
| 5. | Ремонт на пруги АД Скопје | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.553 |
| | Вкупно: | 554.624 | 20.728 | 51.585 | 501.877 | 1.244.109 |

[4] Извор на податоците од прегледот е сметководствената евиденција на ЈП МЖ Инфраструктура и Меморандум/Информација за иницијатива за судско раскинување на Договорите и Анекс кон Договорите меѓу ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и фирмите Ремонт на пруги АД Скопје, ДГ Бетон АД-Скопје, АДГ Маврово-Скопје, ГД Гранит АД-Скопје и АДГ Пелагонија-Скопје, а во врска со изградба на железничката пруга Куманово-Бељаковце и Бељаковце-Крива Паланка, дел од Коридор VIII.

Заклучокот на преговорите е склучување на судски спогодби помеѓу МЖ Инфраструктура и петте градежни фирми, поединечно, во кои истите врз основа на пријавените побарувања во преговорите (презентирани во прегледот) треба да изјават дека:

- ги раскинуваат договорите и анексите кон договорите и дека истите немаат никакви меѓусебни побарувања;
- се повлекуваат побарувањата од поведените судски постапки на двете страни, а трошоците од постапките ќе ги понесе секоја страна, освен побарувањето по тужбата на ГД „Гранит" Скопје во износ од 111.298 илјади денари на име главен долг;
- градежните фирми ќе ги вратат градежните материјали кои се набавени за изградба на пругата, а се во сопственост на МЖ Инфраструктура, освен побарувањето од ДГ „Бетон" АД Скопје во износ од 9.266 илјади денари.

До завршувањето на ревизијата не е постигнато судско раскинување на договорите, поради што не се извесни ефектите од заклучоците на преговорите.

Во фазата на доставување на забелешки, субјектот дополнително достави постигната вонсудска спогодба врз основа на извршеното плаќање на МЖ Инфраструктура во декември 2011 и февруари 2012 година, за побарување по тужба на ГД „Гранит„ Скопје. Со вонсудската спогодба постигнато е раскинување на договорите и анексите кон договорите со ГД „Гранит„ Скопје и намалени се дадените аванси во износ од 72.884 илјади денари.

**Обврски по кредити**

6.4. Со состојба 31.12.2010 година на сметката Останати краткорочни обврски по основ на заеми и кредити, МЖ Инфраструктура има искажано обврски кон Буџетот на РМ во износ од 92.197 илјади денари, од кои 87.736 илјади денари претставуваат главен долг (акумулирана обврска за периодот од 2007 до 2010 година), а 4.461 илјада денари се по основ на затезна камата, согласно склучени Договори за заем за:

- Втор проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа;
- Проект за реформи во железницата, и
- Проект за транспортен сектор (железничка компонента).

Поради недостиг на парични средства, МЖ Инфраструктура не било во можност да ги сервисира пристигнатите ануитети - обврски по

основа на главнина и камата, во роковите утврдени согласно склучените договори, поради што во име на претпријатието се платени од Буџетот на РМ.

Исто така, од април 2011 година, на МЖ Инфраструктура му доспеваат за плаќање и нови обврски по кредити, кои претпријатието нема да биде во можност да ги сервисира, поради што во иднина ќе се кумулира долгот на истото кон Буџетот на РМ.

Со оглед дека претпријатието е во целосна државна сопственост, а акумулираните обврски по кредити пред 2007 година во износ од 2.559.899 илјади денари се веќе трансформирани во зголемување на државниот капитал на претпријатието, укажуваме на постоење ризик од сервисирање на идните обврски.

**Плаќање на даночен долг на рати**

6.5. Заклучно со 31.12.2010 година, во финансиските извештаи МЖ Инфраструктура има искажано обврски за:

- данок на додадена вредност во вкупен износ од 7.311 илјади денари (обврска за 2009 година);
- персонален данок на доход во вкупен износ од 97.977 илјади денари (акумулирана обврска од 1997 година заклучно 31.12.1998 година);
- камата за неплатен данок на додадена вредност во износ од 674 илјади денари и,
- камата за неплатен персонален данок на доход во износ од 522.502 илјади денари.

Согласно Законот за плаќање на рати на даночни долгови на јавните претпријатија и трговски друштва основани од РМ, односно од општините или Градот Скопје, по претходно барање на МЖ Инфраструктура, Управата за јавни приходи на 15 февруари 2010 година донела Решение со кое признава/ одобрува:

- плаќање на 120 рати на даночниот долг по основ на данок на додадена вредност и персонален данок од доход во вкупен износ од 105.288 илјади денари, со грејс период од 36 месеци, кој започнува да тече од 15.02.2010 година заклучно со 15.02.2013 година;
- право на отпис на камата во вкупен износ од 523.175 илјади денари (пресметана до 31.12.2009 година на долгот од 105.288 илјади денари), доколку МЖ Инфраструктура по истекот на грејс периодот го плаќа долгот навремено, согласно роковите утврдени во решението.

Согласно член 11 од Законот, Управата за јавни приходи ќе го укине решението за плаќање на даночен долг, доколку даночниот должник во текот на грејс периодот од 36 месеци (до 15.02.2013 година) има две достасани неплатени даночни обврски, а настанати по донесување на решението за плаќање на даночниот долг на рати.

Ревизијата укажува дека во текот на 2010 година претпријатието не било во можност да ги плаќа достасаните обврски по основ на данок на добивка, настанати по донесување на решението, што може да предизвика укинување на истото.

Потврда за наведеното е доставеното известување од Управата за јавни приходи во октомври 2011 година до МЖ Инфраструктура со предупредување за можност за укинување на донесеното решение поради неплаќање на новонастанатите даночни обврски и генерирање нов даночен долг по основ на данок на добивка, кој заклучно со 19.10.2011 година изнесува 121.849 илјади денари.

Исто така, укажуваме дека доколку по истекот на грејс периодот (15.02.2013 година) претпријатието не изврши уплата на две последователни месечни рати, истото нема да може да го оствари правото на отпис на камата. Отписот е веќе спроведен во финансиските извештаи со проценката на капиталот со состојба 31.12.2009 година.

**Дозвола за управување со железничката инфраструктура**

6.6. Управувањето со железничката инфраструктура е дејност од јавен интерес. Согласно Законот за железниците („Сл.весник на РМ“ бр. 58 од 11.05.2007 година) и Законот за железничкиот систем (“Сл.весник на РМ“ бр. 48 од 09.04.2010 година и бр. 23 од 24.02.2011 година), МЖ Инфраструктура за управување со железничката инфраструктура мора да поседува дозвола за управување со железничката инфраструктура, која ја издава Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор. За добивање на дозвола за управување, претпријатието, покрај општите услови, мора да исполнува и посебни услови:

- финансиски да е способен, односно своите сегашни и идни обврски, под нормални услови на работење да може да ги исполнува во период од 12 месеци, и
- да е осигуран во осигурително друштво и да приложи писмен доказ за способноста за надоместување на евентуална штета настаната по однос на одговорноста во вршењето на неговата дејност.

Со оглед дека МЖ Инфраструктура не е осигурано во осигурително

друштво евентуални штети кои може да настанат по однос на одговорноста во вршењето на неговата дејност, можат да предизвикаат потенцијални влијанија врз финансиските извештаи.

Во фазата на доставување на забелешки субјектот достави барање поднесено до Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за добивање на дозвола со управување со железничка инфраструктура и полиса за осигурување за периодот од 21.12.2011 до 21.12.2012 година по што претпријатието очекува дозволата да биде издадена.

**Ревизија на вагони за одржување**

6.7. МЖ Инфраструктура во 2010 година пресметало расходи во износ од 6.490 илјади денари по основ на договори со друштвото - Фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ со предмет: ревизија на вагони за одржување на железнички колски ваги и вагон работилница за колски ваги. Договорите се на вкупна вредност од 8.500 илјади денари без пресметан ДДВ, а реализацијата за 2010 година изнесува 76%.

Договорите се склучени во постапка со преговарање, повикувајќи на Извадок од Конечен–записникот од 48-та затворена седница на Владата на РМ, одржана во јуни 2007 година. Согласно Заклучокот, Владата е согласна тогашното (пред поделбата) ЈП „Македонски железници“ Ц.О. Скопје да пристапи кон склучување на договор со друштвото (до приватизацијата на истото) за ревизија и поправка на товарни и патнички вагони и дизел моторни возови, од причина што друштвото било единствен понудувач на ваков вид услуги во РМ.

Ревизијата смета дека Заклучокот не е во согласност со Законот за јавни набавки. Имено, согласно Законот за јавни набавки (со важност до 31.12.2007 година), врз основа на кој е донесен истиот, постапката за набавка со преговарање без претходно објавување на јавен оглас се спроведувала само кога „поради технички, интелектуални или изведбени причини или од причини поврзани со заштита на ексклузивните права регистрирани во Министерството за економија или Стопанската комора на РМ, набавката може да ја изврши само одреден давач на услуга“.

Ревизијата укажува дека склучувањето на договори во постапка со преговарање без оглас може да влијае врз транспарентноста во процесот на доделување на договори за јавни набавки.

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2010 ГОДИНА**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **ОПИС** | **2010** | **2009** |
| **ПРИХОДИ** | | |
| Приходи од продажба | 533,542 | 609,106 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 21,281 | 38,066 |
| Останати деловни приходи | 192,438 | 433,964 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **747,261** | **1,081,136** |
| | | |
| Материјални трошоци | 171,617 | 258,413 |
| Трошоци за бруто плати | 585,436 | 574,967 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 415,346 | 962,284 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 8,662 | 8,020 |
| Резервирања за трошоци и ризици | - | - |
| Останати оперативни трошоци | 54,263 | 81,864 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **1,235,324** | **1,885,548** |
| | | |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 2,699 | 3,806 |
| Приходи од учества на вложувања | 182 | 1,186 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 24,819 | 21,669 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | (510,001) | (821,089) |
| | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (510,001) | (821,089) |
| | | |
| **Данок од добивка** | **26,062** | **79,423** |
| | | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | (536,063) | (900,512) |

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 7,392 | 49,864 |
| Побарувања по основ на продажба | 100,317 | 190,937 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 7,856 | 7,856 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 6 | 156 |
| Други краткорочни побарувања | 411 | 9,045 |
| Платени трошоци за идните периоди | 153 | 774 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 524 | 1,921 |
| Залихи | 361,778 | 146,815 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 567,286 | 567,461 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,045,723** | **974,829** |
| | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 30,630,810 | 31,112,531 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 50,141 | 51,922 |
| **Вкупно нетековни средства** | **30,680,951** | **31,164,453** |
| **Вкупна актива** | **31,726,674** | **32,139,282** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 145,540 | 127,238 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 162 | 390 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 0 | 290 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 92,197 | 83,689 |
| Останати краткорочни обврски | 274,963 | 241,849 |
| Одложени плаќања на трошоци | 564,545 | 520,852 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **1,077,407** | **974,308** |
| | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 418,585 | 398,229 |
| | | |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 30,766,745 | 30,766,745 |
| Загуба за финансиска година | 536,063 | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **30,230,682** | **30,766,745** |
| **Вкупна пасива** | **31,726,674** | **32,139,282** |

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ

**ПРЕГЛЕД НА**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА**

**000 денари**

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **30,766,745** | - | - | - | - | **30,766,745** |
| Загуба за финансиска година | | | | | (536,063) | **(536,063)** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **30,766,745** | - | - | - | **(536,063)** | **30,230,682** |

| ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ | |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2010 ГОДИНА | |
| | **во 000 денари** |
| | **2010 година** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | -510,001 |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 415,346 |
| Ревалоризација на амортизација | 0 |
| **Готовински текови од работење** | **-94,655** |
| Побарувања по основ на продажба | 90,620 |
| Побарувања од поврзани субјекти | - |
| Краткорочни финансиски вложувања | 150 |
| Други краткорочни побарувања | 8,634 |
| Платени трошоци за идните периоди | 621 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 1,397 |
| Залихи | 4,030 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 175 |
| Краткорочни обврски за хартии од вредност | - |
| Обврски спрема добавувачи | 18,302 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (228) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (290) |
| Краткорочни обврски од финансирање | 8,508 |
| Останати краткорочни обврски | 7,052 |
| Одложени плаќања на трошоци | 43,693 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **88,009** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 1,781 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (152,618) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(150,837)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | 20,356 |
| Капитал | - |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **20,356** |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | (42,472) |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 49,864 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 7,392 |

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
**МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ**

Ул. „Железничка“ бр. 50 б, 1000 Скопје; П. ФАХ 543; Централа: ++389 02 3 118 177; Факс: ++389 02 2 462 330;
ЕДБ МК 4030007643269; Депонент: „Тутунска Банка“ - Скопје; жиро с-ка: 210062528180135;
Депонент: „Стопанска Банка“ АД - Скопје; жиро с-ка: 200001569609663; e-mail: mz65dir@t-home.mk

Број: 299/1

Датум: 05. 03. 2012

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 05.03.2012

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 18 | 338/5 | | |

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
М-Р Тања Таневска, главен државен ревизор

Предмет: Доставување на забелешки по доставениот нацрт извештај

Во врска со доставениот нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на претријатието за 2010 година ги доставуваме следните наши забелешки за кои се надеваме дека ќе ги земете во предвид.

Со почит,

Директор
.......................
Ирфан Асани

**Забелешки по однос на доставениот Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на претријатието за 2010 година**

1, Во ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје, постои Отсек за оценување, избор и обука кој ја правеше првичната селекција на документите за спроведување на постапката за вработување на вработените во 2010 година. .

Сите избрани кандидати претходно беа вработени на определено време, на работни места за кои имаше потреба согласно систематизација на работните места. Во тој период, со нив беше завршена целата постапка за прием и селекција, согласно Законот за работни односи.

Во текот на работата овие 67 кандидати се стекнале со знаења и искуство, (нивните претпоставени се изјаснија дека покажале задоволителни резултати), според кое, не се укажа потреба од дополнителна проверка на стручните и други работни способности на кандидатите.

Работодавачот одлуката за прием ја донел врз основа на: согласноста дадена од Министерството за финансии бр. 02-22266/4 од 1.12.2010 година. одлука врз основа на член 21 од ЗРО, член 7, 8 од Колективниот договор и член 32 од Статутот на претпријатието и ги испочитувал сите законски одредби за прием на кандидатите во поглед на условите наведени во јавниот оглас.

2. Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје со писмен акт го има известено ресорното Министерство за транспорт и врски за издавање на деловниот простор во закуп и истиот акт беше презентиран на ревизорите.
Давањето на недвижните ствари во закуп (деловен простор) е вршено согласно Правилникот за користење и располагање со стварите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје, донесен 2006/2007 година.
Досега ЈП МЖ Инфраструктура Скопје нема утврдено цена за висината на закупнината согласно Методологијата за проценка на деловниот простор во сопственост на Република Македонија на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор. По укажувањето на ревизорите уште во текот на ревизијата Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје, формира Комисија за утврдување на висината на закупнината за издавање на деловниот простор на ЈП МЖ Инфраструктура Скопје, со задача да изврши усогласување на почетната цена на закупнината согласно Методологијата за проценка на деловниот простор сопственост на Република Македонија. Работата на комисијата е во тек.

3, Во врска со забелешката за начинот на наплатување на надоместокот за користење на железничката инфраструктура истата е спроведена во 2011 година како што е констатирано и во вашиот понатамошен текст во точка 4.Наоди и препораки

4, Ефектот на проценката е евидентиран како корекција на почетната состојба на вредноста на капиталит(на 1.01.2010 година), а согласно препорака од независните проценители и Заклучокот на Владата на Р.Македонија кои Ви беа презентирани. Во финансиските извештаи истото се манифестира во табелата за извештајот на промена на главнината.

5, Претпријатието ја применило стапката на амортизација пропишана согласно Уредбата за начинот на пресметување на амортизација за даночни цели. Примената на амортизацијата пресметана врз база на преостанат век на употреба на основните средства претпијатието ќе ја примени за 2012 година со имплементирање на набавениот интегриран софтвер за матерјално-финансиско работење.

6, За објективно и реално прикажување на материјалните средства во подготовка за изградба на коридор 8 изработена е физибилити студија(декември 2011 година) од консултанската куќа Ептиса за коридор 8 источна секција и ЕСИА во која е констатирана реалната состојба т.е. даден е преглед на реалната состојба на изградените објекти и опис на оштетувањата кои се детектирани како и мерки за нивна санација. Врз основа на оваа физибилити студија ќе се изработува главен проект за изградба на пругата Куманово-Крива Паланка –граница со Р.Бугарија.

7, Во врска со сметководственото неприкажување на побарувањео од МТВ кои произлегуваат од Годишната програма истото е спроведено во 2011 година и во прилог Ви доставуваме извод со налог за спроведувањето.

8, Претпријатието во последите години континуирано ја следи наплатата на побарувањата и склучува договори со комитентите во кои плаќањата се обезбедуваат со приложување на банкарска гаранција на комитентот. Со ваквиот начин на склучување на новите Договори се надминуваат проблемите со нередовна наплата на побарувањата.

9, Забелешката за несоодветно проценување на потребите за набавки за 2010 година и нискиот процент на реализација на планот за јавни набавки од 37%, е резултат на тешката материјална состојба на МЖ Инфраструктура односно нерасполагање со доволни средства кои ќе овозможеа реализирање на планираните набавки.

ЈП МЖ Инфраструктура во планот за набавки за 2012 година секаде каде што е тоа можно. спроведе соодветно групирање на набавките

10 Нема забелешки

11 Врз основа на Заклучок на Владата на Р.Македонија за спогодбено судско т.е вонсудско спогодување за раскинување на договорите со градежните фирми , а поради интерес за продолжување на градбата на коридор 8 , со ГД Гранит АД Скопје е склучена вонсудска спогодба за раскинување на договорите со што износот за дадени аванси е намален за 72.884 илјади денари и изнесува 483,740 илјада денари(прилог вонсудска спогодба)

12 и 13. МТВ во соработка со ЈП МЖ Инфраструктура достави до Владата на Р.Македонија Информација за плановите за спроведување на обврските од член 6 од Директивата 2001/14/ЕК за справување со дефицитот на управителот со железничката инфраструктура - ЈП Македонски Железници Инфраструктура-Скопје во која како предлог заклучок се наведува дека "Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерство за финансии и ЈП Македонски Железници Инфраструктура-Скопје да изработи предлог текст на Закон за конвертирање на долговите на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје во траен влог на Државата и тоа по основ на долг од данок на добивка за 2009, 2010 и 2011 година, долг по основ на персонален данок кој датира од 1997 и 1998 година и долгот по снов на платени кредити од странство од страна на Државата во период 2007, 2008, 2009, 2010 и 2011 година, а за кои истовремено е задолжена ЈП МЖ Инфраструктура во денарска противвредност и истиот да го достави до Владата на Република Македонија"

14 ,Со допис ЈП МЖ Инфраструктура поднесе барање до Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за добивање дозвола со управување на железничката инфраструктура со вкупната документација со исклучок на полиса за осигурување. ЈП МЖ Инфраструктура за одреден износ се осигура во осигурителна компанија за евентуални штети по одговорност по вршење на дејноста , и истото е доставено до Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на 22.12.2011 година. Во моментот очекуваме Агенцијата да ни ја издаде дозволата.(прилог полиса за осигурување )

**Прилог бр. 4**

**Одговор**

**на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ - Скопје (во понатамошниот текст: МЖ Инфраструктура), достави Забелешки под архивски број 299/1 од 05.03.2012 година на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-338/5 од 05.03.2012 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешката на **наодот 4.1.2.**, што се однесува на констатираните недоследности на спроведената постапка за вработување на лица во 2010 година кои претходно биле привремено вработени на неопределено време, претставува **известување** за причините за утврдените недоследности кои ревизијата ги имаше во предвид при вршењето на ревизијата.

2. Забелешката на **наодот 4.2,1.**, што се однесува на постапката на давање под закуп на недвижни ствари, кои МЖ Инфраструктура престанало да ги користи времено или трајно, како и начинот на утврдување на висината на закупнината на недвижните ствари претставува **известува** за превземените мерки и формирање на Комисија за утврдување на висината на закупнината за издавање на деловниот простор, со цел да изврши усогласување на почетната цена на закупнината согласно Методологијата за проценка на деловниот простор сопственост на Република Македонија. Известувањето до ресорното министерство ревизијата го имаше во предвид и истото не беше во насока на утврдените недоследности.

3. Во врска со наодот даден во **точката 4.2.2.,** кој се однесува на начинот на наплатување на надоместокот за користење на железничка инфраструктура од превозникот АД МЖ Транспорт за 2010 година, субјектот **известува** дека во 2011 година оваа состојба е надмината, поради што ревизијата нема дадено препорака. Субјектот со објавата на мрежата за 2011 година покрај минималниот пакет на услуги ги има предвидено и останатите надоместоци за користење на железничката инфраструктура и ги наплаќа од превозникот.

---

Ревизорски тим

1.________________

2.________________

Овластен државен ревизор

____________________________

4. Во врска со наодот даден во **точка 4.2.3.** кој се однесува на извршеното ревидирање на векот на употреба на основните средства и определување на преостаната вредност на употреба, што налага на нови стапки на амортизација, субјектот **известува** дека во 2012 година ќе примени метод на депрецијација, кој ќе го одрази очекуваниот начин на трошење на идните економски користи од средствата согласно Меѓународниот сметководствен стандард 16, со имплементирање на набавениот интегриран софтвер за материјално - финансиско работење.

5. Во врска со забелешките на наодот во **точка 4.2.4.** кој се однесува на начинот на прикажување на ефектот од проценката на капиталот на МЖ Инфраструктура, субјектот **известува** за причините за прикажување со состојба на 01.01.2010 година. Ревизијата укажува на неусогласеност со МСС 1, според кој ваквите усогласувања треба да се извршат на споредливите финансиски извештаи за годината што завршува со 31.12.2009 година.

6. Во врска со наодот даден во **точката 4.2.5.** кој се однесува за физичкото оштетување, односно обезвреднување на материјалните средства во подготовка, субјектот **известува** за превземените активности во декември 2011 година и изработка на физибилити студија во која е констатирана реалната состојба на изградените објекти со опис на оштетувањата кои се констатирани како и мерки за нива санација.

7. За забелешката што се однесува на наодот од **точката 4.2.6.,** за сметководствено прикажување на побарувањата од Министерството за транспорт и врски од оперативна реализација по Годишната програма, субјектот **известува** дека се превземени мерки за спроведување на препораката односно истото се спроведува за Годишната буџетската програма за 2011 година.

8. Во врска со забелешката што се однесува на наодот од **точката 4.2.7., кој се однесува на** спроведувањето на пописот на побарувањата за 2010 година, како и ненавремено преземените мерки во претходниот период од страна на одговорните лица на претпријатието за наплата на побарувањата, што резултирало во отпис на побарувања, субјектот **известува** дека се превземаат мерки за континуирано следење на наплатата на побарувањата и склучување на договори со комитентите во кои плаќањата се обезбедуваат со приложување на банкарска гаранција.

9. Во врска со наодот даден во **точката 4.3.1.,** кој се однесува на ниският процент на реализација на Планот за јавни набавки и несоодветно проценување на потребите за набавки за 2010 година, субјектот **известува** за состојбите во јавното претпријатие и за причините кои ја предизвикале

утврдената состојба. Субјектот известува и за превземените мерки за спроведување на препораките при донесување на План за јавни набавки за 2012 година.

10. Во врска со обелоденувањето, дадено **во точката 6.3.**, кое се однесува на склучените договори и дадените аванси за изградба на Коридор VIII, субјектот **известува** за превземените активности во текот на 2011 и 2012 година. Кон забелешките доставена е вонсудска спогодба од 15.11.2011 година за раскинување на договорите и намалување на вкупниот долг кон ГД Гранит за што **дополнително ќе известиме со додавање на пасус** во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

11. За дадените обелоденувања за прашањата на неизвесност во **точката 6.4**. кои се однесуваат за искажаните обврски по основ на заеми и кредити платени од Буџетот на РМ во име на МЖ Инфраструктура и за **точката 6.5.,** која се однесува на плаќањето на даночниот долг на рати, субјектот **известува** за превземените мерки за надминување на констатираните состојби. МЖ Инфраструктура во соработка со Министерството за транспорт и врски има доставено информација до Владата на РМ за плановите за спроведување на обврските од Директивата 2001/14/ЕК за справување со дефицитот на ЈП Македонски железници Инфраструктура Скопје. Како предлог заклучок се наведува дека треба да се изработи предлог текст на Закон за конвертирање на долговите на МЖ Инфраструктура во траен влог на Државата и тоа по основ на данок на добивка за 2009 до 2011 година, долг по основ на персонален од 1997 и 1998 година и долгот по основ на платени кредити од странство од Буџетот на РМ во период од 2007 – 2011 година.

12. Во врска со обелоденувањата дадени во делот на нагласување на прашања за неизвесност или континуитет кои се однесуваат на Дозволата за управување со железничка инфраструктура, **точка 6.6.,** субјектот **известува** за превземените активности за надминување на констатираната состојба. МЖ Инфраструктура достави Барање за добивање на дозвола за управување со железничка инфраструктура број 651/1 поднесеното до Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и Полиси за осигурување од одговорност за штети кој настанале од вршењето на дејност од 21.12.2011 година, кои активности **ќе бидат обелоденети** во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

---

Ревизорски тим

1.________________

2.________________

Овластен државен ревизор

______________________________